ДОСИЕ

НАСИЛСТВО ВРЗ ЖЕНИТЕ




# Ако ме пријавиш, ќе те запалам сосе деца

*Жена што оди со помагало, а е жртва на насилство, не може да се смести во шелтерите оти немаат услови за хендикепирани лица*

"Ако го пријавам во полиција, ќе ја запали куќата, сосе мене и децата во неа. Вели, јас сум ја правел, јас ќе ја запалам, кога - тогаш", овие зборови на мајка на две деца, која 20 години трпи насилство од сопругот, го вклучиле алармот во СОС линијата за помош на жени жртви на насилство. Следувале неколкумесечни разговори и договори со операторките, кои ја охрабриле да го пријави насилникот, таа со децата да се засолни во прифатилиште, и оттаму да почне нов живот, без насилство.

Операторките на СОС телефоните за помош на жени жртви на насилство велат дека ја следат жртвата и ѝ нудат помош од моментот кога ќе се јави кај нив, па сѐ до конечното избавување од насилникот.

"Јавувањето на нашата линија, која е бесплатна, е првиот чекор кон решавање на проблемот. Секогаш првиот чекор е најтежок. Обично при првото јавување жртвите го кажуваат проблемот, но секогаш како тоа да ѝ се случува на пријателка, комшика или на роднина, а потоа тие бараат совет како да ѝ помогнат. Но тоа е добро, веќе се јавиле. Понатаму, во текот на разговорите кажуваат дека си барале помош за себе, но тоа за нас и воопшто не е битно. Ние сме тука да поразговараме со нив секогаш кога тоа ќе им биде потребно, да им дадеме правен совет, да ги поучиме што да направат ако одлучат да се разведат, да им помогнеме да се сместат во прифатилиште ако сакаат да го напуштат домот или ако веќе го напуштиле", вели Светлана Јанева, операторка на СОС мобилната линија 141 700.

Јавувањата се случуваат по 24 часа на ден. Нема правило дека некој период во денонокието има најмногу јавувања. Операторките од СОЖМ ве-

лат дека забележале зголемен број јавувања кога за насилството врз жената повеќе се зборува во медиумите.

"Кога се во тек кампањи како оваа сега ´Стави точка на насилството´, кај нас има повеќе јавувања. Еве, само денес една повозрасна госпоѓа


Фото: Б. Грданоски

што се движи со помагало, се јавува четири пати и бара помош да го напушти домот оти и е неиздржливо, а ние водиме вистинска битка со центрите за социјална работа и со шелтерите за да ѝ обезбедиме место за сместување. Отсекаде ни советуваат да ја сместиме во болница, но таа не е за во болница. И да ја сместиме таму, тоа ќе биде за еден, два дена, а потоа пак ќе нема каде да оди", вели Ана Георгиевска, операторка на мобилната СОС линија.

Од Кризниот центар "Надеж", во жртвите се сместуваат во првите 24 до 48 часа, велат дека не можат да прифатат жена со хендикеп затоа што немаат услови.

"Во нашето прифатилиште има скали, тоалетите не се приспособени за некој со хендикеп и, едноставно, не можеме да овозможиме таква услуга", вели Верка Угриновска од кризниот центар "Надеж".

Во нивното прифатилиште годишно поминуваат по 40 жени и 20 деца. Кај нив остануваат најмногу два дена.

"Штом ќе влезе жртвата кај нас, ние ја преземаме целата грижа за неа. Ѝ обезбедуваме сѐ што ѝ треба, во смисла на облека, храна, помагаме за разговорите со полицијата и со останатите институции со кои треба да контактира, и обезбедуваме превоз и придружба ако треба да излезе од шелтерот за да посети некоја од институциите. Ние сме во

## Горда сум што насилството не е табу

Првата СОС линија за помош на жените во Македонија е отворена во 1991 година. Оттогаш до денес направени се значителни промени во односот на заштитата на жените.

"Многу сум горда што денес ние вака отворено зборуваме за насилството врз жената, што свеста за насилството е кренато на овој степен и не е веќе табу. Во 1991 година, кога ја отворивме првата СОС линија, која тогаш беше наменеа за самохрани мајки, нам странците ни дадоа буџет да отвориме и шелтер, но не ги зедовме парите. За нас тогаш беше голем чекор и самата линија, а по една и пол година, откако свеста на луѓето веќе беше сменета, го отвориме и првиот шелтер. Денес скандинавските земји имаат најголем процент на пријавено насилство, но тоа не е затоа што кај нас има помалку насилство врз жените туку помал е бројот на жени што се охрабруваат да го пријават насилството", вели **Савка Тодоровска, претседателка на Националниот совет за родова рамноправност.**

Таа не е задоволна од соработката со државните институции за борба против насилството. Вели дека последните 8 години, иако барала, ниту еден од министрите за труд и социјала не ја примил на разговор, а невладините организации не биле вклучени ниту во подготовката на Законот против семејно насилство, кој беше донесен лани. Сега нејзина глава цел е ратификација на Конвенцијата на Советот на Европа за спречување и борба против насилство врз жени и домашно насилство, што треба да доведе до вметнување на сите видови насилство врз жената во законот.



Фото: Б. Грданоски

Во најголем број случаи жените трпат насилство од партнери што се под дејство на алкохол, помалку се под дејство на дрога, има случаи кога трпат насилство поради економска зависност, а жртвите како последно го пријавуваат сексуалното насилство

постојан контакт со шелтерите во кои жртвите се сместуваат за подолг период, и од кај нас, со посебна придружба, ги носиме таму", вели Угриновска.

Кога ќе дојдат, жртвите се исплашени и откако ќе го изживеат шокот, почнуваат да зборуваат. Пречувствителни се, ранливи и речиси во сите случаи прво се обвинуваат себе, па тука настапува работата на луѓето во центарот што треба да ја откријат вистинската причина.

"Според нашата евиденција, во најголем број случаи жените трпат насилство од партнерите под дејство на алкохол - 17 отсто од случаите во изминатата година, во шест отсто причината била дрога, во два отсто од случаите кои лани минале низ нашиот центар, жените трпеле насилство поради економска зависност, а сексуалното насилство секогаш го кажуваат како последно, бидејќи најчесто е комбинирано со останатите", вели Радица Стојковска, социјален работник во кризниот центар "Надеж".

Срам од комшиите кај нас е главната причина поради која жените одложуваат да го пријават насилството. Во кризниот центар "Надеж" велат дека имале случај на жена што била доведена до раб на самоубиство.

"Со децении трпела насилство од сопругот. Сопругот сметал точно колку време ѝ треба со автобус да се врати од работа, и ако не се појавела навреме, следувал ќотек до изнемоштување. Не ѝ било дозволено да оди сама ниту кај роднини ниту кај пријатели, и секое излегување од дома било со него. Кога ни се пожали дека е на раб на самоубиство, оти децата веќе пораснале, па можат и без неа, а срамот би бил помал, се договориме ние да дојдеме кај неа. Ја зедовме, ја донесовме во центарот, го пријавивме насилникот во полиција, а таа сега води судска постапка за развод и за делење на имотот", вели Угриновска.

Таа е задоволна од соработката со центрите за социјална работа. Тие се во постојан контакт со центрите и со прифатилиштата каде што континуирано ги препраќаат жртвите. Иако веќе не се кај нив, во "Надеж" продолжуваат да ги следат жртвите. Угриновска вели дека често се случува жените пак да се вратат кај насилниците.

"Имаме жени што по неколкупати доаѓаат во центарот. Откако ќе излезат, се враќаат кај насилникот, и пак го вртат целиот круг - насилство дома, јавување кај нас, пријавување во полиција, сместување во шелтер. Затоа сметам дека ние треба да работиме повеќе со насилниците. Во Македонија нема шелтери за насилниците, а Законот за превенција, спречување и заштита од семејно насилство дава можност, место же-



Габриела Маџоска, активистка во Националниот центар за родова рамноправност

Фото: Б. Грданоски



Една од собите за жртвите во кризниот центар "Надеж"

## Насилство е и штипкање и допирање без согласност

Радица Стојковска, социјален работник во кризниот центар "Надеж", вели дека е доцна средношколците да се учат како да откријат насилство. Со обуките за препознавање на насилството треба да се почне многу порано.

"Ние веќе работиме со децата од основните училишта на територијата на Гази Баба. Ги учиме дека секое штипкање и допирање, ако е непожелно, е насилство. Со практични примери им објаснуваме и за психичко насилство. Настојуваме да научат да го препознаваат насилството, да станат свесни ако постои, и ги охрабруваме да го пријават", вели Стојковска.

## Едно легло во шелтер на секои 10.000 жители

Националната мрежа против насилство врз жени и семејно насилство веќе три години работи на лобирање во Парламентот да биде ратификувана Конвенцијата на Советот на Европа за спречување и борба против насилството врз жени и домашното насилство. Македонија ја потпиша оваа конвенција во 2011 година, но не се применува оти не е ратификувана.

"Ратификацијата ќе направи Конвенцијата да биде обврзувачка за сите институции. За тоа треба да се направат измени на неколку закони, во кои точно ќе се дефинира насилството кое жената го трпи поради родовата припадност, поради тоа што е жена. Ратификацијата ќе ја обврзе државата да отвори нови шелтер центри и да го приемни европскиот стандард - едно легло во шелтер на секои 10.000 жители, да отвори кризни центри за жртви на силување, бидејќи во моментов не постои ниту еден, да отвори советувалишни центри и да преземе ред други мерки за заштита од насилството", вели Габриела Маџоска, активистка во Националниот центар за родова рамноправност.

ната и децата, домот да го напушти насилникот", вели Угриновска

Тие, како и сите останати невладини организации, живеат, главно, од донации, иако ја имаат клучната улога во заштита на жените жртви на насилство. Сметаат дека државата треба да одвојува повеќе средства за нив, а за успешно справување, треба да се отворат уште цела низа шелтери и советувалишта.

Дека има потреба од измени, говорат и изјавите на жртвите што минале и низ шелтерите и низ сите државни институции, тргнувајќи од полицијата до судовите, кои се последната алка која мора да ја минат. Многу од нив се пожалиле дека од полиција ги праќаат во центрите за социјални грижи, а од центрите, пак, им велат дека треба да се вратат во полиција, и постојано така ги шетаат од врата на врата. Се случувало да го пријават насилникот, па да чекаат и по повеќе од еден час додека да дојде полицијата, време во кое трпат уште поголемо насилство. Има незадоволни од судовите каде што насилникот фаќа врски и потплаќа за да добие само парична казна. Ваквите изјави на жртвите се документирани во извештајот "Глас за правда" од минатата година на Институтот за социолошки и политичко-правни истражувања.

Министерката за труд и социјална политика Фросина Ташевска - Ременски, до затворање на весникот, не одговори на прашањата од "Вест" поврзани со заштитата на жените од насилство и работата на центрите за социјална грижа.

*Маја Илиевска - Пачемска*

## Пријавете насилство

Мобилна СОС телефонска линија, на која повикот е бесплатен од сите три мобилни оператори **141 700.**

Национална СОС линија **15700**

Кризен центар "Надеж" **15 315, 3173-424**

Сите линии се отворени 24 часа.

# Место жената со децата, насилникот да си оди од дома

Отворање на шелтери во кои ќе се сместуваат насилниците, со цел да се работи со нив, е следната цел на невладините организации. За ова тие бараат помош и од државата.

"Ако ги зајакнеме законите, ќе можеме насилникот навистина да го извадиме од дома, место мајката со децата да бега, и повторно сите да доживуваат трауми. Не е едноставно ниту за мајката ниту за децата сместувањето во шелтерите, шетањето по институциите. Од друга страна, не сакаме да создаваме бездомници. Не е доволно само да се однесе насилникот во полиција на разговор, а потоа да биде оставен сам на себе. Треба континуирана работа со нив, што може да се реализира преку соодветни засолништа и советувалишта, кои ние во моментов ги немаме", вели Савка Тодоровска, претседателка на Националниот совет за родова рамноправност.

Верка Угриновска од кризниот центар "Надеж" посочи дека и во други земји нема шелтери за насилниците, но со нив, сепак, се работи.

"Во Австрија насилниците ги носат во хотел. Таму се работи со нив, но се работи за држава која има пари и посветува големо внимание на заштита од насилството", вели Угриновска.

Од лани можноста насилникот да биде изваден од домот е ставена во Законот за превенција, спречување и заштита од семејно насилство. Во неколку случаи во изминатава година бил и применет, но за насилникот не било обезбедувано сместување.



*Со перформанс на плоштадот Македонија во Скопје, Националната мрежа против насилство врз жени и семејно насилство минатата недела го одбележа Меѓународниот ден против насилство врз жените*

# Четири жени убиени во 2015 година

Македонија не ја научи лекцијата за намалување на насилството врз жената. Во овој став се единствени луѓето што работат со жени жртви на насилство. По тројното убиство ланскиот ноември, кога маж ги уби сестрата, мајката и таткото на сопругата, годинава се убиени уште четири жени. За една година регистрирани се седум жртви на семејно насилство, а 20 во последните 7 години. Сите убиства се извршени од членови на поблиското семејство, најчесто од сегашни или од бивши партнери. Во сите случаи постоело и веќе било пријавувано семејно насилство.

Националната мрежа против насилство врз жени и семејно насилство констатираше дека во изминатава година државата не направила ништо за да ја подобри состојбата во однос на сервисите за заштита и поддршка на жртвите на семејно насилство. Од мрежата уште еднаш јавно им се обратија на институциите надлежни за борба против насилството и прашаа: "Колку од овие убиства можеа да бидат спречени доколку се направеше проценка на ризик? Дали ќе останевте глуви на повиците за помош доколку се работеше за вашата мајка, сестра, братучетка, другарка?!".

УРНЕБЕСНО ШОУ НА БОСАНСКИОТ АКТЕР ВО СКОПЈЕ

# Финтите на Ѓуро за три биса

Од едноставните, секојдневни приказни на кои носталгично се сеќаваме од времето на седумдесеттите и осумдесеттите години, сараевскиот актер, музичар и режисер Бранко Ѓуриќ-Ѓуро направи урнебесно комичен проект- "Ѓурологија". Завчера, Ѓуро премиерно во Скопје во Домот на АРМ го изведе своето шоу, кое го нарече анти-стенд ап. Ни беше на гости во рамките на оф програмата на фестивалот "Таксират", кој го организира "Пасворд продукција", и дефинитивно му требаше поголема сала. Ѓуриќ за Македонија е Шефкет Рамадани од филмот "Балкан-кан" на Дарко Митревски. За Холивуд е српскиот војник од филмот на Анџелина Џоли "Во земјата на крвта и медот", а за народот од поранешна Југославија, тој е само Ѓуро, волшебникот од култниот скеч "Ѓурине куќне чаролије" кој беше дел од легендарната емисија "Топ листа надреалиста".



Фото: Б. Грданоски

Ѓуро завчера во шоуто постави дилема: зошто во сите филмови, на крајот од сексуалните сцени жените го туткаат чаршафот

Неговиот едноставен, но генијален босански хумор очигледно ни фалел на сите, па македонската публика со овации го пречека и три пати го врати на бис. Ѓуро објасни кој во Југославија почнал да го имитира трендот на Том Џонс, да се пее со плачлив глас, за што според него шампион останал Хари Мата Хари. Раскажа кои биле "веце пејачи", Жељко Бебек и неговите наследници во "Бијело дугме", како Бреговиќ ги избирал пејачите, зошто му се чини дека една песна од Здравко Чолиќ трае 19 минути. Неговите почетоци како музичар, пред да се прослави со бендот "Бомбај штампа" ги претстави со приказна како ги симнувал англиските текстови: "Ја враќав иглата од грамофонската плоча повеќе пати назад, со пенкало ги запишував зборовите и пак пеев на измислен англиски". Ѓуро постави дилема: зошто во сите филмови, на крајот од сексуалните сцени жените го туткаат чаршафот, и раскажа уште многу мали шармантни сараевски приказни кои повеќе или помалку секој од нас ги доживеал. При крајот рече дека не е совршен, зашто од 1992 година живее во Словенија. Се шегуваше и на своја сметка, за она што му забранува неговата сопруга, убавата актерка и пејачка Тања Рибич, која во 1997 година ја претставуваше Словенија на "Евросонг".

Актерот кој од четврти обид го примиле на Академија во Сараево, зашто три пати паѓал на Шекспир, во Скопје од прва го положи приемниот и остави место да ни дојде пак.

*М.Царовска*

## Ѓуро не дава сликање

За време на претставата, Ѓуро не дозволува сликање ниту снимање, веројатно за да избегне аматерски споделувања на скечевите на социјалните мрежи. Иако организаторите најавија дека фоторепортерите ќе можат да фотографираат во првите две минути од претставата, тој ги избрка во првите десет секунди, уште пред официјалниот почеток на шоуто.

